*Оливер БАКРЕСКИ*

**УДК:355.45(460)**
Изворен научен труд

# СИСТЕМ НА НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ НА ШПАНИЈА

***Кратка содржина***

*Безбедносната политика служи како клучна рамка за реализирање на фундаменталните интереси на Шпанија. Нема сомневање дека безбедносната политика има специфично место со оглед на тоа дека таа е една од најзначајните безбедносни парадигми што ги создава потребните претпоставки за прогресивен развој во безбедносната сфера. Несомнено тоа придонесува за обликување мерки од безбедносен карактер на Шпанија, во обезбедување на потребната политичка неутралност, а чиешто дејствување ќе биде во уставно дозволената рамка. Тоа истовремено овозможува политичките идеали да прераснат во политичка безбедносна доктрина со која ќе се настојува да се продуцира оптимален концепт и стратегија на постапки заради остварување на поставените цели. Оттука, ефикасна безбедносна политика може да успее само ако е втемелена врз основа на научни сознанија. Тоа претставува супстрат во обликување на нејзината рамка на филозофија и служи како глобална основа за децидно утврдување на обврските на сите потсистеми во општеството кога е во прашање назначената проблематика (економска, социјална, еколошка, политичка итн.).*

***Клучни зборови:*** *безбедност, безбедносна политика, систем, институции, Шпанија*

## 1. Воведни напомени

Шпанија (Reino de España или España) зафаќа повеќе од четири петтини од Пиринејскиот (Иберскиот)[1] Полуостров што го дели со Португалија, со Гибралтар и со Андора. Шпанија е одвоена од Пиринеите од Франција и од остатокот од Европа и во рамките на својата национална територија го вклучува Балеарското островско земјиште во Средоземното Море, Канарските Острови на Атлантикот, и малите северни африкански енклави, вклучувајќи ги и градовите Сеута и Мелила. Континентална Шпанија е регион со различна топографија и клима и е препознатлива повеќе со својот прекрасен пејзаж отколку со богатство на ресурси, но поседува вредни наоѓалишта на железо, јаглен и други минерали, како и нафта. Шпанците се мешавина од оригиналната главно иберска популација со примеси од подоцнежните напаѓачки народи. Населението вклучува не-

[1] Иберија е назив кој бил користен од страна на Стара Грција за денешниот Пиринејски Полуостров (наречен и „Ибериски Полуостров“).

колку културно-јазични групи: Кастилијци, Галијци, Андалузијци, Каталонци и Баскијци (кои тврдат дека се од различна етничка припадност). Регионалните чувства остануваат силни, особено во баскиските и во каталонските области на север и на исток и разни локални јазици и дијалекти се користат во прилог на долго доминантниот кастилски шпански и сè повеќе се предаваат во училиштата. Околу 94 проценти од населението е римокатоличко, иако верската слобода е формално загарантирана.[2]

Кралството Шпанија опфаќа вкупна површина од 504.642 км² и вклучува територии на полуостровот на копното и околните острови (Канарските Острови и Балеарските Острови, градовите Сеута и Мелила како *Plazas de Soberanía*-места на суверенитетот на Север на Африка).[3] Според податоците до јули 2020 година Шпанија има околу 50.015.792 жители. Од вкупниот број жители во 2018 година според етничката припадност 86,4 % се изјасниле како Шпанци, 1,8 % како Мароканци, 10,5 други итн. Бруто-домашниот производ според процената од 2017 година изнесувал 1,778 трилиони американски долари. Бруто-националниот производ по глава на жител за 2017 година изнесувал 38.400 долари.[4] Шпанскиот БДП во вториот квартал на 2020 година се намалил во рамки од 16 % до 21,8 %, во однос на претходниот квартал, поради пандемијата на КОВИД-19, објави Централната банка на Шпанија, предвидувајќи различни економски сценарија.[5]

Шпанскиот устав од 1978 година, ги наметна новите „фундаментални принципи" на организирање на државата и стави крај на диктаторскиот режим воспоставен од генералот Франко кој беше апсолутен шеф на држава (*jefe del estado*) до неговата смрт во 1975 година. Уставот ја дефинира шпанската држава како парламентарна монархија и гарантира различни основни права, вклучувајќи ги и оние на говорот и на печатот, здружувањето и колективното договарање.[6] Исто така, Шпанија е основана како социјална и демократска држава, предмет на владеење на правото, која се залага за највисоки вредности на нејзиниот правен поредок, слобода, правда, еднаквост и политички плурализам.[7] Народниот суверенитет му е доделен на шпанскиот народ, од кого произлегуваат овластувањата на државата.[8]

---

[2] Lansford T., Political Handbook of the World 2018–2019, CQ Pressan imprint of SAGE, 2019, стр. 1477-1495.

[3] https://www.lamoncloa.gob.es/lang/en/espana/historyandculture/Paginas/index.aspx, посетена на 7.5.2020.

[4] https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/geos/sp.html, посетена на 19.8.2020.

[5] https://bankarstvo.mk/, посетена на 19.8.2020.

[6] Lansford T., Political Handbook of the World 2018–2019, CQ Pressan imprint of SAGE, 2019, стр. 1477-1495.

[7] Spanish Constitution, Article 1.

[8]https://www.lamoncloa.gob.es/lang/en/espana/spanishinstitutions/Paginas/index.aspx, посетена на 6.5.2020.

## 2. Историски развој

Шпанија е земја со длабоки историски корени во Европа. Нејзиниот идентитет и уникатните откритија како што се откривањето на Америка и други континенти се исклучително важни феномени. Во исто време, сепак, постојат силни паралели помеѓу шпанската историја и историјата на другите европски земји. Иако никогаш не се откажа од својата разновидност, Шпанија се појави како обединета држава во многу рана фаза и одигра клучна улога во некои од најблескавите епизоди во модерната европска историја. Од приближно 1100 година пр. н. е. до средината на III век пр. н. е., комерцијалниот и културниот контакт со медитеранските цивилизации го артикулирале Феникијците (чии територии се протегале од Алгарве на полуостровот на јужноатлантскиот брег до медитеранските брегови на Иберија на исток) и Старите Грци (чие влијание се протегало од вливот на реката Ебро до Заливот на розите на североисточниот брег на Шпанија). На крајот на овој период, и двете цивилизации беа раселени од Римјаните и од Картагинците. Во VI век пр. н. е. народите од крајбрежниот регион, генерички познати како Иберијци, веќе формирале хомогена група град-држави под влијание на поразвиените урбанистички, трговски, земјоделски и рударски центри на Источниот Медитеран.[9] Римското присуство на полуостровот во основа следувало по истата шема како и грчките трговски бази, но за разлика од Грците, влегувањето на Рим во Иберија било резултат на борба за моќ со Картагина за да се здобијат со контрола врз Западен Медитеран. Римското присуство во Хиспанија траело седумстотини години, за кое време биле утврдени основните граници на полуостровот во однос на другите европски земји. Римјаните главно биле населени покрај бреговите и реките, оставајќи го трајното значење на градовите како Тарагона, Картагена, Лисабон и особено Мерида, како и познатите градби на патишта, мостови, аквадукти, храмови, архиви, театри, амфитеатри и циркуси јасно го отсликува нивното присуство во римските населби на полуостровот. Како и да е, на почетокот на V век од нашата ера мапата на римската колонизација започна драматично да се менува кога многу германски племиња маршираа на полуостровот и се населија во внатрешноста, како што е случајот со Визиготите, но и на запад во случајот на Суеби.[10]

Во почетокот на VIII век полуостровот се соочил со удар од страна на арапските освојувачи, кои во 711 година победиле во битката кај Кадиз и ја уништиле визиготската држава. Освоениот полуостров најпрво станал провинција на арапските калифати, а после неговото распаѓање, во 751 година, доаѓа до посебен калифат со седиште во Кордоба. Арапите не траеле многу долго време како владетели на цела Шпанија, северниот

[9] https://www.lamoncloa.gob.es/lang/en/espana/historyandculture/Paginas/index.aspx, посетена на 7.5.2020.

[10] https://www.lamoncloa.gob.es/lang/en/espana/historyandculture/Paginas/index.aspx, посетена на 7.5.2020.

дел во крајот на VIII век им бил одземен од страна на Карло Велики. По распаѓањето на државата на Карло Велики во 843 година, биле основани неколку ранофеудални христијански држави, кои биле непријателски настроени спрема Арапите, чија инвазија имала влијание не само на религијата туку и на државното уредување. Владеењето на Арапите било од големо значење, затоа што имале воведено новитети во градежништвото, земјоделството, занаетчиството, трговијата, науката, уметноста и архитектурата (арабеските). Од крајот на XI век, па сè до 1942 година, траеше војната помеѓу ранофеудалните држави и шпанските Арапи, која била позната под името „Rekonkvista“. Низ периодот на Реконквиста во кои се наоѓаат заеднички интереси како црквата и племето, во текот на војната станувале сè побогати и побогати. На друга страна биле кралот и градежништвото, овие постојани несогласувања, помеѓу овие две тела, како и постојаните борби во династиите помеѓу Кастиљите и Арагоните, константно придонесувале кон слабеење на државата.[11]

Значи, потрагата по единство и исцртување на новата сила олицетворена во Шпанија се случи во 1492 година заедно со освојувањето на Гранада во која имаше муслиманско присуство. Ова создаде основа за да се продолжи со амбиција за верска, етничка и културна униформност. Во 1492 година шпанската монархија претставувала една од најраните современи држави во ренесансната Европа. Нејзината надворешна експанзија преку Атлантикот (Америка и Фландрија) и Медитеранот (Италија) се заснова на моќна воена машинерија, солидна економија, меѓународно присуство, искуство на море и истражување на нови трговски патишта како и значителна научна и техничка експертиза: математичари, географи, астрономи, бродоградители итн. Благодарение на морската и на трговската традиција, наследена од Арапите, географијата, астрономијата и морепловството се развивале и во христијанска Шпанија. Ваквата позиционираност во XV век ѝ овозможило освојување територии и колонии во Европа, во Америка, во Африка, во Азија и во Океанија. Кристофер Колумбо ги спровел првите истражувања на Атлантскиот Океан, коишто придонесле за откривањето на Новиот Свет, а подоцна и колонизација на Америка. До средината на XVI век, биле основани и населени главните викаријалити: Мексико и Перу. Шпанците бараа сојузници во племињата што ги покорија и во незадоволните водачи; тие се согласија за капитулации во замена за привилегии; тие ги поделија новите земји меѓу шпанските колонисти; и тие ги реорганизира домородните населби.[12]

Историјата на Шпанија во текот XVI и XVII век е позната како Хабсбуршка Шпанија, кога Хабсбуршката династија управува со огромно наследство и настојува да воспостави сеопфатна, флексибилна монархија, која се состои од кралства и доминации обединети во огромна конфедера-

[11] Исто., стр. 126-148.

[12] https://www.lamoncloa.gob.es/lang/en/espana/historyandculture/Paginas/index.aspx, посетена на 7.5.2020.

ција околу една круна. Под нејзиното владеење, за време на Карло V и Филип II, Шпанија била една од најголемите светски сили која контролирала делови од територијата на Америка, до Филипините во Азија, Франција, Бенелукс, Германија, поголемиот дел од денешна Италија во Европа, а во периодот од 1580 до 1640 ја вклучила и Португалија. Сепак, во втората половина на XVII век, Шпанија ја губи консолидираноста и супериорноста. Борбата за шпанското наследство се водела во периодот од 1701 до 1714 помеѓу повеќето големи европски сили околу обединувањето на кралствата Шпанија и Франција под круната на Бурбонската династија. Чарлс Втори, последен наследник од шпанскиот Хабсбург, бил безделник и го оставил наследството на внукот на неговата сестра Марија Тереза и Луј XIV од Франција, Филип од Анжу. Крунисаниот крал на Шпанија и Индите во 1701 година, Филип V ја инаугурираше династијата на шпанските Бурбон. Неговото владеење го пролонгираше просветителството во Шпанија, кој е период на рамнотежа на надворешната политика, реформите и внатрешниот напредок. Рамнотежата и мирот во Европа станаа двете цели што ги следи Шпанија во текот на XVIII век.13 Низ цел XVIII век Шпанија била под силни политички и културни влијанија од страна на Франција. Наполеон I го натерал шпанскиот крал Карло IV да му биде сојузник во војната против Англија, и сето тоа се завршило со пораз на шпанско-француската флота во битката кај Трафалгара во 1805 година. Шпанија останала без флота, а цел Пиринејски Полуостров потпаднал под силно влијание на Англија. Наполеон во 1808 година ја освоил Шпанија, го отстранил кралот Карло IV и на негово место на престолот за крал го назначил својот брат Жозеф, што довело до будење на народот на Шпанија и многу битки кај Сарагос, кога Наполеон за прв пат ги доживеал своите порази. Во 1812 година во Кадис е формирана шпанска влада. Шпанците составиле слободен устав, кој долго време бил идеал на јужнороманските народи. Поради економските и социјалните заостанувања, ослободителната војна на шпанскиот народ не добила облик на буржоаска револуција, затоа што на чело биле сопственици на земјишта и католичкото свештенство, така што во 1814 година Шпанија повторно станува кралство, кога на власт доаѓа династијата Бурбон.14 Во XVIII век забележана е и историски важната Прва Шпанска Република која започнува со воведување парлементарно управување во периодот од 11 февруари 1873 година, до 29 декември 1874 година, кога генералот Мартинес Кампос дал проглас со кој го означил почетокот на Бурбонската реставрација односно обнова на Шпанија. Монархијата била обновена со личноста Алфонсо XII, најстариот син на Изабела. По абдикацијата на Амадеус I, за кого немало поддршка од народот, на 11 февруари 1873 година Националното собрание (Конгрес и Сенат) ја прогласува

[13] https://www.lamoncloa.gob.es/lang/en/espana/historyandculture/Paginas/index.aspx, посетена на 7.5.2020.

[14] Radosavljević D., Savtemeni politićki I pravni sistemi, Fakultet za pravne i poslovne studije Dr. Lazar Vrkatić, Novi Sad, 2011, стр. 126-148.

Првата Република со 258 гласови за и 32 против. Иако траела само до 29 декември 1874 година - оваа република се залагала за нови теории што ја обликуваа непосредната иднина: федерализам, социјализам и кантонализам.15

Монархиското владеење продолжило и во XX век, за време на диктатурата на Мигуел Примо Де Ривера во 1923-1930 година, но сепак ѝ отстапило место во 1931 година и повеќепартиската република станала сè повеќе предмет на левичарски влијанија.[16]

Шпанија ја зачува својата неутралност во текот на Втората светска војна, а во 1947 година со усвојување на Законот за сукцесија, се прогласи за монархија (иако без монарх), и повторно во 1967 година со соодветен закон се потврдува позицијата на Франко како шеф на државата, и се обезбеди строго ограничено учество на јавноста на изборите во законодавниот дом. Разгледани се политичките и административните контроли од Граѓанската војна - привремено опуштени во раните 1960-ти, но последователните барања за промени создадоа зголемена нестабилност. Во декември 1973 година премиерот Луис Кареро Бланко бил убиен од баскиските сепаратисти и го наследил Карлос Ариас Наваро. Франко се разболел на 17 октомври 1975 година. Кога Франко починал на 20 ноември 1975 година, Шпанија започнува транзиција кон демократија. Во Шпанија, преминот од авторитарно владеење во демократија беше производ на серија пакти и преговори, а исходот беше прекин на диктатурата во замена за „висок степен на формално почитување на законитоста на политичкиот систем на Франко“.[17]

По 90-тите години, продолжија барањата на Каталонија најнапред во регионалната каталонска влада и на национално ниво за „вистинска“ автономија за Каталонија. Исто така продолжи и насилната сепаратистичка кампања која започна уште од 60-тите години во Баскија, а започна и нов бран на терористички напади во 1995 година. Зголемувањето на смртните случаи на цивили како резултат на тероризмот на ЕТА доведе до затегнување на ситуацијата и судења на политичкото крило на организацијата, а подоцна Уставниот суд нареди ослободувања. На 11 март 2004 година, во најтешкиот напад врз шпанските цивили, седум бомби експлодирале на четири возови во Мадрид, при што загинале 191, а повредени се уште 1.400 луѓе.[18] Денес, ЕТА веќе не е значајна закана благодарение на триумфот на

[15] https://www.lamoncloa.gob.es/lang/en/espana/historyandculture/Paginas/index.aspx, посетена на 7.5.2020.

[16] Lansford T., Political Handbook of the World 2018–2019, CQ Pressan imprint of SAGE, 2019, стр. 1477-1495.

[17] Maravall, José M. and Julián Santamaria, “El cambio político en España y las perspectivas de la democracia” [Political change and democratic prospects in Spain]. In G. O’Donnell, et al. (eds.), Transiciones desde un gobierno autoritario [Transitions from an authoritarian government]. Buenos Aires, Argentina: Paidós. Marín, 1998, стр. 116.

[18] Lansford T., Political Handbook of the World 2018–2019, CQ Pressan imprint of SAGE, 2019, стр. 1477-1495.

владеењето на правото и неуморната работа на силите за државна безбедност при истрага на кривични дела, заштита на жртвите на тероризам и пренесување наратив кој ја истакнува битката на демократијата против тероризмот. Во отсуство на оваа закана во 2017 година, Шпанија се соочи со политичка криза која беше поттикната со одржувањето на референдумот за независност на Каталонија од Шпанија на 1 октомври 2017 година. Шпанија ја тресеше референдумското изјаснување на отцепување на Каталонија од Шпанија.[19]

Во август 2020 година за време на пандемијата на коронавирусот во која Шпанија беше на врвот на држави кои беа сериозно загрозени со вирусот што резултираше и со многубројни човечки загуби и сериозен пад на растот и развојот на економијата, се случи и сериозен политички потрес кога Врховниот суд покрена истрага за поранешниот шпански крал Хуан Карлос Први со која го осомничи за корупција поврзана со Саудиска Арабија. По овој финансиски скандал поранешниот крал ја напушти Шпанија. Претходно во 2014 година тој абдицираше во корист на синот Филипе Шести по скандали во последните години од неговото владеење со што го изгуби имунитетот од Уставот што му го гарантира како шеф на државата.

## 3. Институции за креирање на безбедносната политика

Парламентарна монархија е „политички облик на шпанската држава", и со овој израз уставотворецот назначил дека монархијата не се смета за власт во класична смисла; монархија, а не република, е само облик на држава. Изразот „парламентарна монархија" е избран да би се избегнала каква било забуна во однос на претходниот режим кога биле ограничени монархиите. Сепак, во политичкиот систем на Шпанија најзначајно место им припаѓа на монархот, на Парламентот и на Владата како иконостасен извршен орган.

*Кралот* е шеф на државата и симбол на неговото единство и постојаност. Тој арбитрира и го модерира редовното функционирање на институциите, и ја презема обврската за највисоката застапеност на шпанската држава во меѓународните односи и ги извршува функциите што му се доделени со Устав и со законите. Неговата титула е титулата на кралот на Шпанија и тој може да ги користи другите титули што ѝ припаѓаат на круната, а Круната на Шпанија ја наследуваат наследниците на H. M. Juan Carlos I de Borbón, легитимниот наследник на историската династија. Сукцесијата на престолот ќе го следи редовниот редослед на примарното работење и застапеноста, првата линија што секогаш има предност во однос на последователните линии; во истата линија, поблиската во однос на пооддалечената; машки над женски и во ист пол, постариот над помладата. Доколку сите редови утврдени со закон исчезнат, Кортес Generaleнерал

[19] https://www.fakulteti.mk/news/17-10-01/shto_treba_da_znaete_za_referendumot_za_nezavisnost_na_katalonija, посетена на 17.8.2020.

треба да обезбеди сукцесија на круната на начин што е најсоодветен за интересите на Шпанија.[20]

Кралот во извршување на своите уставни надлежности должен е: да ги санкционира и објавува законите, да повика да се распушти Парламентот и да се распишат избори според условите предвидени со Уставот, да се распише референдум во случаите предвидени со Уставот, да предложи кандидат за претседател на Владата и, по можност, да го назначи или да го отстрани од функцијата, како што е предвидено со Уставот, назначува и разрешува членови на Владата по предлог на претседателот на Владата, ги издава уредбите одобрени во Владата (Советот на министри), за да се доделат граѓански и воени позиции и да се доделуваат почести и одликувања во согласност со законот, да ја извршува врховна команда на вооружените сили, да се грижи да се оствари правото на прочистување во согласност со законот итн.[21] Исто така, кралот ги акредитира амбасадорите и другите дипломатски претставници, а ги прима акредитивите на странските претставници во Шпанија, потоа е должен да изрази согласност на државата за меѓународните обврски преку договори, во согласност со Уставот и законите, а во негова надлежност е да објави војна и да прогласи мир по овластување на Парламентот.[22]

Законодавната власт во Шпанија му е доверена на *Парламентот* (Кортес Generalенерал) кој се состои од два дома. Во согласност со член 66 од Уставот, Парламентот е задолжен да го претставува шпанскиот народ, а го сочинуваат Конгресот и Сенатот. Исто така, Уставот предвидува никој да не може да биде член на двата дома истовремено, или да биде претставник во Собранието на самоуправна заедница и член на Конгрес во исто време. Кортес ја практикува законодавната моќ на државата и го усвојува својот буџет, го контролира дејството на Владата и ги има другите надлежности доделени со Уставот.

*Советот на министри* функционира како колегиумско тело на Владата и го сочинуваат претседателот на Владата, министрите од кабинетот и, како што е случај, потпретседателите на Владата. Потеклото на Советот на министри датира од 19 ноември 1823 година, датум на кој кралот Фердинанд VII донел декрет насочен кон тогашниот прв државен секретар, Виктор Дамин Шаез, со што е создаден Советот на министри, од кој следниот став вреди да се издвои: „сите прашања од општа употреба ќе бидат решени, секој министер ќе ги преземе работите што одговараат на секретаријатот под негова надлежност; тој ќе ги добие моите решенија и ќе се обезбеди нивната реализација. Договорите на Советот ќе бидат утврдени во главната книга вклучувајќи ги и причините што стојат зад нив. Кога не присуствувам, вие ќе претседавате со состанокот како мој прв државен

[20] Spain's Constitution of 1978 with Amendments through 2011, член 56 и 57.
[21] Исто., член 62.
[22] Исто., 63.

секретар, а шефот на Министерството за правда ќе ги утврди записите во главната книга утврдена за оваа цел“.[23]

Претседателот на Владата го предлага кралот кој има надлежност да предложи кандидати за претседател на Владата и ако има потреба, да го именува според Уставот. Именуваниот кандидат треба во Конгресот да добие апсолутно мнозинство, или во другиот круг на гласање да добие доволен број гласови. Предложениот кандидат, по изгласувањето поднесува програма од Владата која има намера да ја оствари. Во случај ако во вториот круг не добие доволен број гласови, кралот треба да изнесе нов предлог- кандидат. Во случај ако во двата месеци ниту еден од предложените кандидати не успее да стекне доверба во Конгресот, кралот распишува нови избори, со кои се гарантира неутралност на предлозите од кралот. Задолжителното предвидување има превентивна улога; целта е да се добие мнозинството во дадениот рок. Исто така и барањето за самораспуштање треба да биде земено предвид доколку мнозиството во Конгресот бара предвремени избори. Уставот налага хиерархиска власт. Оставка или смртен случај претставува крај на Владата, а кога ќе се покрене иницијатива за одговорноста на Владата тогаш мора да се понуди нов кандидат за претседател на Владата.[24]

Генерално, Владата ја води внатрешната и надворешната политика, цивилната и воената администрација и одбраната на државата. Врши извршна власт и моќ на законски регулативи во согласност со Уставот и законите, односно ја врши извршната функција, управната власт и располага со законодавна иницијатива. Владата е одговорна и за јавната администрација која му служи на општ интерес во дух на објективност и ќе дејствува во согласност со принципите на ефикасност, хиерархија, децентрализација, деконцентрација и координација и во целосна подреденост на законот.[25]

## 4. Политика на национална безбедност на Шпанија

Политиката на национална безбедност на Шпанија е фокусирана на осигурување на безбедноста на Шпанија и на нејзините жители и е одговорност на Владата и на јавната администрација, но и на општеството како целина. Безбедноста е еден од основните столбови на отвореното и демократско општество како што е Шпанија и основен услов за нејзиниот просперитет и напредок. Целта на Националната безбедносна политика, која на крајот е легитимирана со уставната цел, е да се гарантира потребната безбедност. Националната стратегија за безбедност е рамка и репер за шпанската национална безбедносна политика, и секако и државна по-

[23] https://www.lamoncloa.gob.es/lang/en/gobierno/councilministers/history/Paginas/20140509_History_CMinisters.aspx, посетена на 8.5.2020.
[24] Radosavljević D., Savtemeni politićki I pravni sistemi, Fakultet za pravne i poslovne studije Dr. Lazar Vrkatić, Novi Sad, 2011, стр. 126-148.
[25] Spain's Constitution of 1978 with Amendments through 2011, член 97 и член 103.

литика заснована на широка концепција на безбедноста. Оваа стратегија се надоградува на некои концепти дефинирани во 2013 година и претставува чекор напред во приспособувањето на оваа политика кон нови случувања во постојано менување на безбедносното опкружување.[26]

Националната безбедносна политика на Шпанија се развива на визијата за национална безбедност на Шпанија заснована врз нејзиниот статус на демократија, како и посебен геостратегиски профил и нејзините глобални аспирации. Шпанија се соочува со голем број закани и предизвици, внатрешни и надворешни, вклучително и нејзината демографска перспектива, нејзините ограничени енергетски врски и нејзината територијална кохезија. Предизвиците за правниот поредок и општите интереси на Шпанија бараат одговор заснован врз владеењето на правото со цел да се заштитат правата и слободите на сите нејзини граѓани. Дополнително, среде технолошка револуција, Шпанија, како меѓусебно поврзана и меѓусебно зависна земја, мора да се приспособи на оваа трансформација и да ги искористи можностите за напредок при решавање на новите предизвици предизвикани од хиперповрзаност. Во овој поглед, важно е да се подигне свеста за денешните главни закани и предизвици, преку соодветна култура на национална безбедност.[27] Шпанската стратегија за безбедност ги идентификува следните закани и ризици и стратегиските линии на акција и одговор: 1. *Вооружени судири.* Од Шпанија може да се бара да учествува во три вида на конфликти каде улогата на вооружените сили е клучна: конфликти кои не се делат со сојузниците, мултилатерални конфликти кои директно влијаат на шпанските интереси и конфликти во мултилатерални рамки кои директно не влијаат на шпанските интереси. Одбраната на интересите и вредностите ќе ги водат напорите на Шпанија во оваа сфера, од трикратна перспектива на конфликтот со предвидување и превенција, управување со конфликти, како и решавање и последователна мировна консолидација. За таа цел, Шпанија ќе следи сеопфатен пристап во комбинирање алатки за дипломатска, за воена, за полициска и за странска помош. 2. *Тероризам*. Тероризмот директно се заканува на безбедноста на сите граѓани, се обидува да ги поткопа демократските институции и може да предизвика сериозни штети на критичната инфраструктура. ЕТА беше еден од примерите што ја мачеше Шпанија повеќе од 40 години. Исто така и транснационалниот тероризам е со потенцијал да го наруши нормалното функционирање на општеството. Затоа, претставува егзистенцијална закана за државата, а спречувањето и победувањето на тероризмот е национален, европски и меѓународен приоритет. За да се исполни оваа цел, треба да има сеопфатна и интегрирана стратегија за одговор која се заснова на почитување на демократските вредности, човековите права и владеење на правото. Главниот одговор вклучува превенција и заштита, заедно со достапност на средства, заеднички напор на демократски партии и

[26] National Security Strategy 2017, Presidency of the Government, 2017, стр. 3-13.

[27] Исто., стр. 3-13.

нивна поддршка за работата на силите за државна безбедност и разузнавачки служби и меѓународна соработка. 3. *Организиран криминал.* Тој е еден од најсериозните, иако на моменти најмалку признати, закани за шпанската безбедност. Сè повеќе е меѓусебно поврзан со тероризмот, насилните групи и локалниот криминал на начин што ги прави сите меѓусебно да дејствуваат и да зајакнуваат. Затоа е потребен е трикратен пристап за соочување со оваа закана како: зголемување на персоналот, развој на ефикасно законодавство во оваа област и подобрување на координација помеѓу националните и меѓународните субјекти. 4. *Економска и финансиска несигурност.* Економската безбедност е интегрален и суштински дел од општата безбедност. Заканите и ризиците поврзани со економската и со финансиската активност може да потекнуваат од јавни или од приватни макроекономски нерамнотежи, нестабилноста на пазарот, дестабилизирачките, шпекулативни или дури нелегални активности на различни економски агенти, слабата изведба на супервизија и регулаторната регулатива, економска меѓузависност, конкуренција за ресурси или неурамнотежен модел на раст. Превенцијата и ублажувањето на нивните ефекти бараат од државата: да ги гони криминалните активности; да обезбеди правилен надзор и регулирање на пазарите; да напредува во европското и во глобалното управување; зајакнување на меѓународното присуство на Шпанија; гарантирање функционирање на критични економски и финансиски услуги и инфраструктури; и промовирање одржлив економски развој што ги минимизира нерамнотежата и гаранциите за економски раст и социјална кохезија. 5. *Енергетска ранливост.* Големата зависност од фосилни горива и неодржливост на сегашниот енергетски модел ширум светот кој е и штетен за животната средина, го прават енергетскиот фактор како клучна компонента на безбедноста. Линиите на дејствување за подобрување на енергетската безбедност вклучуваат: диверзификација на изворите на енергија; заштеда на енергија и ефикасност, со двојна цел на намалување на надворешната зависност и подобрување на економската конкурентност; безбедност на снабдувањето по разумна цена, ограничувајќи ја зависноста за снабдување од една земја, развој на стратегиски резерви, како и меѓународни интерконекции, зајакнување на инфраструктурите и либерализирање на пазарите. 6. *Пролиферација на оружје за масовно уништување.* Ширењето на нуклеарното, радиолошкото, биолошкото или хемиското оружје е една од најголемите закани, особено ако добиваат неконтролирани субјекти како што се терористичките организации. Спречувањето и неутрализирањето на оваа закана бара интензивна мултидисциплинарна работа. Шпанија ги поддржува различните меѓународни иницијативи во оваа насока, вклучително и Договорот за нуклеарно разоружување, и создавање соодветна способност за колективна одбрана против размножување балистички ракети.[28] 7. *Киберзакани.* Употребата на информатички и комуникациски технологии најде широка примена во секојдневниот живот. Ова

[28] Spanish Security Strategy, Everyone's responsibility, Gobierno de Espana, стр. 1-12.

ново сценарио на можности нуди развој во размената на информации и комуникации, но во исто време тоа подразбира сериозни ризици и закани кои можат да влијаат на безбедносно обезбедување. Неколку фактори придонесуваат за размножување криминални активности во киберпросторот: профитабилноста на нејзиното искористување во економски, политички или други цели и леснотијата, но и ниската цена за користење на алатките користење и за изведување напади со кои напаѓачите можат да се сокријат овозможуваат да ги извршуваат овие активности анонимно и од каде било во светот, со вкрстени влијанија врз јавноста и приватни сектори и на самите граѓани.[29] 8. *Неконтролирани миграциски текови.* Влијанието на масовната и нелегалната миграција може да генерира социјален конфликт и да создава урбани гета поради недостаток на интеграција, што може да стане основа за размножување на екстремистички, религиозни групи или да доведе до идеолошка радикализација. Спречувањето на ризиците поврзани со овој феномен бара соработка меѓу државите, развивање правна политика за имиграција и социјална интеграција, зајакнување на соработката со земјите на потекло и транзит, контрола и надзор на границите, како и постојана борба против трговијата со луѓе и мрежи. 9. *Катастрофи.* Закани и ризици предизвикани од која било активност на човекот или природни појави, влошени од климатските промени, здравствени проблеми како што се пандемии или недостаток на вода и други основни ресурси може да станат ризици од прв степен за безбедноста и благосостојбата на граѓаните. Шпанија има доволно превентивни и управувачки средства да реагираат соодветно, како на пр. Национален систем за цивилна заштита и Воена единица за итни случаи. Дополнително покрај наведеното, ќе ги потенцираме и недостатоците на глобализацијата, демографската нерамнотежа, сиромаштијата и нееднаквоста, климатските промени, технолошките опасности и радикалните и недемократските идеологии. Сè се тоа транснационални двигатели кои можат да ги размножуваат ефектите од ризиците и заканите или дури и ја трансформираат нивната природа. Очигледно напорите треба да се насочат кон решавање, а стратегијата за безбедност треба да ги идентификува најважните закани и ризици и да понуди начинини на кој може да се решат. Тие можат да се појават во различни домени каде што ќе биде потребно дејствување: на копно, на море, во воздух, во вселената, во киберпросторот и во сферата на информациите. Ова претставува основа за формулирање стратегиски линии на одговор, развој на способности и спроведување организациски реформи на системот на национална безбедност.[30] Националната безбедност придонесува за консолидирање на основните аспекти на XXI век на Шпанија: нејзиниот демократски систем, нејзиното плурално и отворено општество, нејзината богата територијална и јазичната разновидност, нејзиниот социоекономски развој и нејзиниот статус на земја со карактеристично историско на-

[29] National Cyber Security Strategy, Presidency of the Government, 2013, стр. 3-10.
[30] Spanish Security Strategy, Everyone's responsibility, Gobierno de Espana, стр. 1-12.

следство и глобален јазик и култура. Овие аспекти се важни за разбирање на целите што Шпанија ги застапува во меѓународната сцена, како земја која е отворена за светот и која ги штити своите граѓани. Важноста на почитување на владеењето на правото и вредноста на уставниот и европскиот консензус се фундаментални критериуми што Шпанија ги дели со Европската Унија. Нејзината единствена геостратегиска позиција и природна ориентација кон различни простори бара таа да има свој стратегиски и динамичен пристап. Нејзината централна позиција во клучните области – помеѓу Европа и Северна Африка; помеѓу Медитеранот и Атлантикот; полуостровската територија со архипелагот, островите и суверените територии во Северна Африка - ја прави Шпанија мост меѓу државите и културите, наведувајќи ја како специфичен безбедносен профил. Како одраз на нејзините глобални аспирации, Шпанија придонесува за регионални и за меѓународни иницијативи за безбедност, од кои исто така има корист. Таа е сигурен партнер и со сигурен свој европски и атлантски статус, Шпанија е клучен член на организациите како што се Европската Унија и Северноатлантската организација, прифаќајќи ги своите колективни безбедносни одговорности. Покрај тоа, под чадорот на Обединетите нации, НАТО и Европската Унија, таа учествува во различни прекуокеански мисии далеку од нејзините граници и традиционалните простори. Овие обврски во обласста на безбедноста и надворешното дејствување на Шпанија претставуваат, пак, голем напор во однос на можностите и инвестициите, што е неопходно за да се обезбеди стабилно меѓународно опкружување и, со тоа, безбедност и просперитет.[31]

**Заклучок**

Политиката на национална безбедност на Шпанија е така структурирана за да може да ѝ обезбеди на Владата да ги земе предвид сите безбедносни предизвици со кои се соочува државата на безбедносен план, односно да се разгледаат сите закани на еден сеопфатен начин за да се зголеми ефективноста на системот за национална безбедност преку оптимализација при рационализација на ресурсите и преку зголемен антиципативен пристап на сите безбедносни актери кои се задолжени за спроведувањето на политиката.

Очигледно е дека шпанската безбедносната политика е во меѓузависност со другите политики. Нејзината посебност што ги опфаќа сите степени на општествениот живот, разбирливо го отежнува нејзиното ефикасно одредување и спроведување. Оттука сосема е јасно дека политиката на национална безбедност за да биде во симбиоза со својата определба, но и да биде во дијалектика со другите политики, треба да биде интегрална и детално разработена.

[31] National Security Strategy 2017, Presidency of the Government, 2017, стр. 3-33.

Способноста успешно да се води политиката на националната безбедност на Шпанија е директна последица на моќта што ја поседува нацијата и способноста оваа моќ да се употреби во вистинско време и на вистински начин. Моќта која ја поседува Шпанија на безбедносен план е детерминирана од големината на безбедносниот сектор, неговата димензионираност и техниката и вооружувањето што го имаат на располагање, па преку способноста во сложени безбедносни состојби да ги мобилизира вкупните човечки и материјални ресурси во насока на заштита на виталните национални интереси. Оваа манифесност значи и способност да се соочи со изворите на загрозување по националната безбедност, почнувајќи од превенција до ефикасно менаџирање во сложени безбедносни ситуации.

**Користена литература:**


Bruce A. Arrigo Bruce A. Arrigo, The SAGE Encyclopedia of Surveillance, Security, and Privacy, SAGE Publications, Inc., 2018.

Maravall, José M. and Julián Santamaria, "El cambio político en España y las perspectivas de la democracia" Buenos Aires, Argentina: Paidós. Marín, 1998.

Lansford T., Political Handbook of the World 2018–2019, CQ Pressan imprint of SAGE, 2019.

Rose R., *Ministers and Ministries*, A Functional Analysis, Clarendon Press, Oxford, 1987

Radosavljević D., Savtemeni politićki I pravni sistemi, Fakultet za pravne i poslovne studije Dr. Lazar Vrkatić, Novi Sad, 2011.

Spain's Constitution of 1978 with Amendments through 2011.

National Security Strategy 2017, Presidency of the Government, 2017.

Spanish Security Strategy, Everyone's responsibility, Gobierno de Espana.

National Cyber Security Strategy, Presidency of the Government, 2013.

Hantington P. S., *The Soldier and the State,* Harvard University Press, Cambridge, Massachussetts, 1959

Huntley, James Robert, *Pax Democratica: A Strategy for the 21st Century*, Houndmills, Basingstoke, Hampshire Palgrave, MacMillan, 1998

Hilsman R., The Politics of Policy Making in Defense and Foreign Affairs. Prenice-Hall, 1993

https://www.lamoncloa.gob.es/lang/en/espana/historyandculture/Paginas/index.aspx.

https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/geos/sp.html

https://bankarstvo.mk/.

https://www.lamoncloa.gob.es/lang/en/gobierno/councilministers/history/Paginas/20140509_History_CMinisters.aspx